
ОПШТИНА
ВИНИЦА
ВИСТИНСКИОТ
ИЗБОР
ТВОЈОТ ЧОВЕК! ТВОЕТО МЕСТО! ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!
ВМРО-ДПМНЕ

# ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР

**ТВОЈОТ ЧОВЕК! - ТВОЕТО МЕСТО! - ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!**

ВМРО-ДПМНЕ

## ОПШТИНА ВИНИЦА



Драги мои пријатели, соседи, сограѓани,

Секој од нас има своја приказна. Твојата почнува таму каде што чекориш секој ден – по твојата улица, низ твоето маало, во твојот град. Таму се случиле првите радости и првите таги. Таму си ги доживеал првите победи, но и првите порази. Таму си создал пријателства, семејство и спомени. Тоа е местото кое те изградило и кое те држи.

Знам дека не секогаш е лесно. И јас сум имал моменти на дилема – дали вреди? дали ќе успееме? Но секогаш, одговорот го наоѓам во луѓето што ги среќавам секој ден – во работникот што се бори чесно за лебот, во мајката што не се предава за своите деца, во младиот човек што сонува да остане тука, дома.

Оваа прва година како премиер беше година на тежина, но и на надеж. Знам дека чекате повеќе, и искрено ви велам – и јас сакам повеќе. Но најважно е дека патот е отворен. И дека веќе почнавме. Почнавме да ја враќаме довербата во државата и да ни се создава надежта дека иднината може да биде подобра.

Твоето маало, твојата општина, твојот град – тоа не се само зборови. Тоа е твојот дом. И за домот, се бори човек со сè што има.

Затоа овие избори не се само политика. Овие избори се твојата приказна. Тоа е избор за училиштето каде учат твоите деца или внуци. За паркот каде се среќаваш со пријателите. За болницата во која очекуваш грижа. За патот по кој одиш секое утро на работа. За тоа дали ќе продолжиме напред – или ќе дозволиме повторно да нè враќаат назад.

Знам што значи да имаш доверба. И знам што значи народното – „Имам свој човек“. Тоа е оној што ќе ти помогне, ќе заврши работа, ќе биде покрај тебе кога ти е најтешко. Тој човек е твојот градоначалник, кој со труд, посветеност и резултати докажа дека може да се потпреш на него. Тоа е твојот човек. За твоето место, за твојата иднина.

Затоа ти велам со искрена благодарност: -твојот глас е повеќе од политичка одлука. Тој е знак дека не се откажуваме, дека веруваме, дека сакаме подобро. Секој глас е порака – дека сакаме надеж, сакаме правда, сакаме иднина тука, дома.

Драги мои луѓе,

Не ветувам дека ќе биде лесно. Но ветувам дека ќе биде вистински. Со чесност, со работа и со истрајност. Ветувам дека нема да се откажеме!

Времето на Македонија допрва доаѓа. Тоа е времето во кое секој од нас ќе каже: -да, вредеше. Вредеше затоа што имав свој човек. Вредеше затоа што моето место продолжи да расте. Вредеше затоа што имам иднина тука, во мојата земја.

Ве повикувам, замолувам, како ваш сосед, пријател, сограѓанин, излезете на овие избори, со надеж, оптимизам и непоколеблива волја, и бидете силата на промените и иднината и направете го Вистинскиот избор!

Со Твојот човек.

За Твоето место.

За твојата иднина!

Со благодарност и надеж,
Христијан Мицкоски



Почитувани пријатели, соседи, сограѓани виничани,

Вие сте главниот мотив за мојата одлука да се кандидирам за градоначалник на Општина Виница. Сплотени заедно да продолжиме по патот на промените со нови проекти и решавање на вашите проблеми и предизвици, да ја направиме Општина Виница подобро место за живеење за секој еден од нас.

Изминатите четири години се случија многу позитивни работи за нашата Општина, многу реализирани проекти, многу решени проблеми. Ја барам Вашата поддршка да продолжиме со уште посилно темпо на работа, со уште повеќе проекти, кои несомнено ќе дојдат со посветена, чесна и макотрпна работа, која можам да Ви ја ветам.

Заедно со мојот тим работевме на програма, која се темели на вашите барања и реално остварливи проекти, кои со поддршка од централната власт ќе ги реализираме во целост. Програмата што Ви ја нудиме е со уште поголем фокус на патната инфраструктура и подобрување на сообраќајот, комуналната инфраструктура, образованието и детската заштита, спортот, културата и туризмот. Со програмата се опфатени конкретни проекти и мерки со прецизни рокови, финансиска конструкција и извор на финансирање.

Почитувани,

Ви ветувам дека и наредните четири години Општина Виница ќе продолжи да биде место со кое сите ќе се гордееме, Општина која ќе продолжи со урбаниот развој, општина со многу реализирани проекти, Општина подеднакво добра за живеење за сите граѓани.

Ваш,

Митко Костадиновски

# КАНДИДАТИ ЗА СОВЕТНИЦИ

1. Гоце Василев- Носител на листа
2. Кристина Велинова
3. Орце Христовски
4. Имит Скопко
5. Кристина Костадиновска
6. Трајан Серафимов
7. Драги Анакиев
8. Ромео Стоименов
9. Марија Миланова
10. Марија Алексова
11. Ангел Ангелов
12. Дивна Анастасова
13. Драган Стоилков
14. Надица Карчова
15. Дејан Михајлов



# ПРОЕКТИ НА ОПШТИНА

## ➤ Изградба на Спортска сала во ОУ „Гоце Делчев“ – Виница

ОУ „Гоце Делчев“ е единственото училиште во градот Виница што нема спортска сала, поради тоа предвидуваме изградба на училишна спортска сала која ќе биде сместена во дворот на основното училиште.

**Извори на финансирање:** Министерство за образование и наука

## ➤ Целосна рехабилитација и реконструкција на градскиот парк

Градскиот парк ќе добие сосема нов лик, ново, модерно и сензорно осветлување, целосна реконструкција на детското катче, многу нови содржини, рехабилитација на зелените површини и ќе биде поставен систем за наводнување за дрвјата и тревата.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина и Министерство за животна средина и просторно планирање

## ➤ Изработка на сообраќаен проект за град Виница

Целта на сообраќајниот проект ќе биде да се превземат голем број активности за подобрување на сообраќајот во Општина Виница како што се: обнова и измена на постоечкиот режим на сообраќај, регулирање на раскрсници, поставување на нова потребна вертикална и хоризонтална сигнализација, обележување на паркинг простор низ градот Виница според сите законски регулативи, обележување и проектирање нови пешачки и велосипедски патеки, воведување посебен режим на сообраќај околу училиштата и градинките сè со цел максимална безбедност на децата и сè друго што е потребно и е во врска со сообраќајот.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина

## ➤ Доградба на новата детска градинка при ОЈУГД „Гоце Делчев“

Поради бројноста на групите на деца повеќе од законскиот рок предвидуваме доградба на новата детска градинка во склоп на истиот објект.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина и Министерството за социјална политика, демографија и млади

## ➤ Изградба на кружен тек кај Јакимовски пат

Пред да го реализираме овој проект, со кој ќе се реши сообраќајниот хаос на овој дел од градот, најпрво ќе извршиме измена на ГУП и ДУП за овој дел од градот, која е неопходна пред да се започне со изработката на целата проектно-техничка документација која е потребна.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина и други извори на финансирање



# МОДЕРНА ОПШТИНСКА ИНФРАСТРУКТУРА

## Реконструкција на локален пат Блатец – Детлово втора фаза

Со реконструкција на локалниот пат село Блатец – м.в. Детлово ќе се реши голем инфраструктурен проблем пред сè за жителите од с. Блатец, но и жителите кои имаат земјоделски посеви од двете страни каде што поминува овој локален пат. Реконструкцијата на оваа делница практично претставува довршување на еден дел од реконструкцијата на оваа релација Блатец-Детлово, бидејќи од вкупно 5,5 километри, до сега беа реконструирани 3 километри, а со овој проект во должина од 2,5 километри практично претставува завршување на реконструкцијата на целата релација.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина и Министерство за транспорт

## Реконструкција на регионалниот пат Превалец-Виница-Смојмирово

Со оваа реконструкција на овој регионален пат ќе се опфати нереконструираниот дел од патниот правец Превалец-Виница, кој минува низ градот Виница.

**Извори на финансирање:** ЈП Македонија пат

## Изградба, реконструкција и рехабилитација на улици во град Виница:

- Реконструкција на улица „Пролетерска“

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина и Министерство за транспорт

- Реконструкција на улица „Раде Кратовче“

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина и Министерство за транспорт

- Реконструкција на улица „Кочо Рацин“

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина и Министерство за транспорт

- Реконструкција на улица „Ѓорче Петров“

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина и Министерство за транспорт

- Реконструкција на улица „Страшо Пинџур“

**Извори на финансирање:** Светска банка

- Реконструкција на улица „Гоце Делчев“

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина и Министерство за транспорт

- Реконструкција на улица „Плачковички одред"

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина и Министерство за транспорт

- Реконструкција на улица „Елпида Карамандиˮ

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина

- Реконструкција на улица „Ванчо Прќеˮ

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина и Министерство за транспорт

- Реконструкција на улица дел од „Иво Лола Рибарˮ, „Наум Наумовски Борчеˮ и „Собранискаˮ

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина и Министерство за транспорт

- Изградба на улица „8-ми Септемвриˮ

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина

- Изградба, асфалтирање и поплочување на улици во населените места:
    - Јакимово 3 улици, Истибања 3 улици, Блатец 3 улици, Градец реконструкција на главната улица и изградба на 2 улици, Нова населба Градец 1 улица, Трсино 3 улици, Црн Камен 1 улица, Липец 2 улици, Лески 2 улици, Пекљани 3 улици, Лаки 3 улици и Драгобраште 1 улица.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина, Министерство за транспорт и други извори на финансирање

- Тампонирање на улици во Виница и населените места:
    - Улици „Марко Цепенковˮ, „Пере Тошевˮ и дел од „Вера Ацеваˮ во Виница и улици во Драгобраште, Грљани, Калиманци, Црн Камен, Виничка Кршла и Трстија.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина

- Во делот на урбанизмот ќе работиме на донесување на нови урбанистички планови за Виница и населените места што ќе значат развој на Општина Виница.
    - Ќе донесеме ДУП за блок 7 дел 1, блок 7 дел 2 и блок 18 дел 1, 2 и 5 за градот Виница и ќе започнеме со изработка за други делови од градот. Ќе донесеме и Урбанистички план за за с. Лески, с. Трсино, с. Градец и с. Лаки, како и Урбанистички план вон населено места за м. в. Скараница, с. Блатец, а ќе започнеме со изработка и на донесување на Урбанистчки планови и за останатите села.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина и други извори на финасирање

# ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА

## Формирање на зона за мало стопанство во м. в. Скараница – с. Блатец

- Во новата индустриска зона потенцијални домашни и странски инвеститори ќе имаат можност да купат градежна парцела за градба на капацитет за развивање на нови и постоечки бизниси. Индустриската зона ќе биде распростанета на површина од 24 хектари и во неа ќе има предвидено 29 градежни парцели за продажба.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина



# ИНВЕСТИРАМЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И ВО МЛАДИТЕ ВО НАШАТА ОПШТИНА

## Изградба на термоизолациона фасада на ОУ Славчо Стојменски - Виница

Со изградба на термоизолациона фасада ОУ „Славчо Стојменски“ ќе добие нов лик и училиштето ќе има големи заштеди во трошоците за затоплување на истото.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина и Министерство за образование и наука

## Реконструкција на кров на ОУ „Никола Парапунов“ во село Драгобраште

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина и Министерство за образование и наука

## Реконструкција на кров на новата детска градинка при ОЈУГД „Гоце Делчев“

**Извори на финансирање:** Буџет на детска градинка „Гоце Делчев“

## Реконструкција на кров на ОУ „Кочо Рацин“ - Блатец

**Извори на финансирање:** Буџет на Ошштина и Министерство за образование и наука

## Изградба на отворени училници-амфитеатри во ОУ „Гоце Делчев“ и подрачните училишта на „Гоце Делчев“ во Истибања и Јакимово

**Извори на финансирање:** Буџет на ОУ „Гоце Делчев“ и Буџет на Општина

## Доделување еднократна парична помош за запишано прваче

Ќе ја зголемиме поддршката која локалната самоуправа досега ја даваше како финансиска помош за секое прваче и од учебната 2026/2027 година ќе обезбедиме по 5.000 денари еднократна парична помош за секое прваче запишано во Општина Виница.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина

## Доделување еднократна парична помош на ученици за освоени први места на државни натпревари

Ќе ја зголемиме поддршката која до сега локалната самоуправа ја даваше на учениците за освоени први, втори и трети места на државни натпревари и истата ќе изнесува од 3000 до 5000 денари во зависност од освоеното место.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина



# ОПШТИНАТА ВО ДИГИТАЛНАТА ЕРА

- **Бесплатно достапен јавен WIFI на три локации во градот Виница.**

Граѓаните на просторот околу Градскиот парк, Градскиот Пазар и Градскиот Плоштад Ангел Винички ќе можат да користат бесплатен интернет.

**Извори на финансирање:** ЕУ и Владата на Сојузна Република Германија



# РАЗВОЈ НА СПОРТОТ ЗА ОПШТИНА СО ЗДРАВИ НАВИКИ

## Изградба на фитнес зона на отворено во Виница

На барање на младите предвидуваме изградба на фитнес зона во која ќе има осум справи, на кои истовремено може да вежбаат 30-тина луѓе.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина

## Изградба на спортско игралиште во село Градец

Село Градец е едно од поголемите села во Општина Виница кое нема функционално игралиште, поради тоа предвидуваме изградба на ново повеќенаменско игралиште во село Градец.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина и Министерство за спорт

## Реконструкција на игралиште во село Пекљани

Спортското игралиште во село Пекљани е во многу лоша состојба поради тоа со мала инвестиција планираме реконструкција на истото.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина

## Финансиска поддршка за спортските клубови во Општина Виница

Ќе продолжи силната финансиска поддршка за ФК Слога 1934, сè со цел да ја оствариме тешката мисија оваа сезона, опстанок во втора лига. Ќе ја зголемиме финасиската поддршка воопшто за спортот во Виница и за сите спортски клубови.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина

# ЗЕЛЕНА, ЧИСТА И ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ОПШТИНА

## Реконструкција на кровот на административната зграда на Општина Виница

Кровот на административната зграда на Општина Виница е во многу лоша состојба и неопходна е негова реконструкција на објектот кој претставува административен центар во општината.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина и Министерство за животна средина и просторно планирање

## Поставување на систем за ладење и греење на Сината сала

Сината сала при Домот на културата „Тошо Арсов“ неодамна беше целосно реконструирана сега неопходно е поставување на систем за ладење и греење.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина и Министерство за животна средина и просторно планирање

## Реконструкција на кров и реконструкција и адаптација на зградата на ТППЕ Виница

Кровот и зградата на ТППЕ Виница се во многу лоша состојба поради тоа предвидуваме целосна реконструкција на кровот на зградата и реконструкција и адаптација на истата.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина и други извори на финансирање

## Спроведување на еколошки акции

Ќе продолжи учеството на Општина Виница во најголемата еколошка акција во државата, „Генералка Викенд“ со која на определени локации во Виница и населените места се чисти и собира комунален отпад, а ќе спроведуваме слични вакви акции дополнително во соработката со ЈКП „Солидарност“.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина

## Регулација на Кајанички дол – село Истибања

Со овој проект предвидено е да се изгради отворен канал за регулација на Кајанчки дол во село Истибања во должина од околу 870 метри и да се изградат 2 моста.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина и Министерство за животна средина и

просторно планирање

- **Изработка на проектна-техничка документација за регулација и уредување на речното корито на река Брегалница низ течението на село Истибања**

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина

- **Реконструкција на водоводна мрежа на улица „Ванчо Прќе“ во Виница**

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина и Министерство за животна средина и просторно планирање

- **Реконструкција на водоводна мрежа на улица „Пиринска“ во Виница**

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина и Министерство за животна средина и просторно планирање

- **Изградба на водоводна и канализациона мрежа на улица „Илинденска“ во Виница**

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина и Министерство за животна средина и просторно планирање

- **Реконструкција на водоводна мрежа во село Јакимово**

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина и Министерство за животна средина и просторно планирање

- **Реконструкција на водоводните линии во населените места Крушево и Драгобраште (маалите Мирмарци, Криворамци и Чукарлии) и нивно поврзување во еден заеднички систем**

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина и Министерство за животна средина и просторно планирање

- **Реконструкција на зафатите за вода во с. Трстија, Трсино и Крушево**

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина

- **Поврзување на маалата Петревци и Балинци на водоводот во маало Маринци, сите во с. Грљани**

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина

### Реконструкција на канализациона мрежа на улица „Ванчо Прќе“ во Виница

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина и Министерство за животна средина и просторно планирање

### Изградба на канализациона мрежа од Виница до село Јакимово и приклучување на сите објекти на истата

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина и Министерство за животна средина и просторно планирање

### Изградба на канализациона мрежа во село Липец

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина и Министерство за животна средина и просторно планирање

### Изградба на дел од канализациона мрежа во село Лески

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина и Министерство за животна средина и просторно планирање

### Изградба на дел од канализациона мрежа во село Трсино

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина и Министерство за животна средина и просторно планирање

### Изградба на дел од канализациона мрежа во село Трстија

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина

### Изградба на пречистителна станица во село Блатец

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина и Министерство за животна средина и просторно планирање

### Набавка на камион за собирање отпад и машина за чистење на канализација

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина и други извори на финансирање



# ПОДДРШКА И ПРОМОЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ТУРИЗАМ

## Реконструкција и модернизација на локален археолошки и историски музеј „Теракота“

Ќе се изврши целосна реконструкција и модернизација на постоечките музејски простории при Музеј Теракота.

**Извори на финансирање:** Европска Унија

## Заштита и уредување на Виничкото Кале

Проектот предвидува поставување информативни табли, клупи, осветлување, отпадни канти и други содржини кои ќе овозможат безбедно и пријатно посетување на Виничкото Кале.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина и Министерство за култура и туризам

# ПОДДРШКА НА КУЛТУРНИТЕ НАСТАНИ ВО ОПШТИНАТА

## Финансиска поддршка за Истибањско здравоживо и ФА „Китка“, како и сите културни друштва на територијата на Општина Виница

Ќе продолжиме да бидеме покровители на меѓународниот фолклорен фестивал Истибањско здравоживо, а силна поддршка ќе добијат и сите културни друштва на територијата на Општина Виница.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина

## Финансиска поддршка на Ин Виница Веритас

Финансиски ќе го подржиме и меѓународниот фестивал за хумор и сатира Ин Виница Веритас.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина



# ФУНКЦИОНАЛЕН СИСТЕМ ЗА СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

- **Финансиска помош на лица во ранливи категории**

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина

- **Финансиска помош на лица за лекување во земјата и странство**

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина

# ПРЕДЛОЗИ И ИДЕИ ОД ГРАЃАНИТЕ ЗА ОПШТИНАТА

- **Реконструкција и опремување на читалната и останатите простории во градската библиотека**

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина

- **Изградба на нова водоводна и канализациона мрежа за Индустриска зона „Горица“ во Виница и поврзување на сите правни субјекти на истите**

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина

- **Конзолна патека на мостот во село Јакимово**

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина

- **Реконструкција на доводните цевководи од зафатите и изворите до резервоарите во населените места, Трсино, Трстија и Пекљани**

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина

- **Реконструкција на влезната улица во Драгобраште и санација на мостот**

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина

ВМРО-ДПМНЕ